# Стручен завршен извештај

**Почитувани !**

Јас **Валентина Ќипроска** вработена во ЈЗУ Општа Болница Гостивар,Хируршко оделение,бев испратена на до едукативен престој во **Универзитетска клиника Cerrahpasa** ,Истанбул,Турција,во период од 28.09.2015 до 23.10.2015 год.

Во Истанбул стигнавме на 28.09.2015 и истиот ден се сместивме во Хотел Ферах. Наредниот ден се јавивме во Деканатот на Универзитетската Клиника,цела група од 12 на број.Три докторки беа распоредени во болницата во Чапа,останатите бевме во Церарпаша. По приемот од страна на Деканот,бев распореден аво Операциони Хируршки сали и Хируршко оделение.Истиот ден бев претставена на нашиот ментор.Откако во униформа влегов во Операционен блок ги разгледав просториите,видов во која просторија се спрема завоен материјал и истиот се стерилизира,како и инструментите. Операциониот Хируршки блок располагаше со 19 операциони сали,во кои најчесто се случуваше сите сали да работат истовремено.Организацијата на персоналот,во поглед на работата и нивната меѓусобна соработка беше на солидно професионално ниво.Строго се внимаваше на стерилност во секој поглед.Бев и во просторијата каде се спремаа пациентите кои се тој ден на програм(операција),каде што пациентот го премедицираат со инфузиона терапија.Откако пациентот е спремен со лежечка количка го транспортираа во операциона сала,каде што почнуваше подготовката за хируршка интервенција.Исто и јас се подготвував за оперативниот зафат.Со стерилна униформа,капа и маска,преминував во миење на раце 5-10 минути,потоа влегував во опеарциона сала и ставав стерилни ракавици.Присуствував при хируршка интервенција на Cholecystectomia со класичен рез и лапароскопски.



**Cholecystectomia со класичен рез.**



**Cholecystectomia** лапароскопска.

Присуствував на интервенција за тироидна жлезда,каде во тек на интервенција се земаше биоптичен материјал и ex-tempore  се испраќа на патохистологија од каде за најмногу 15 минути се добиваше одговор и според тоа се одлучуваше за понатамошен тек на оперативниот зафат.

Исто така присуствував на мастектомија,каде исто така се применуваше горенаведената метода.



Во тек на едукацијата бевме и observeri во сала за Кардиохирургија каде присусвуваме на By-pass на крвни садови.

Исто така сите пациенти кои се оперираа за време на нашиот престој,ние ги следевме на пост интезивна нега и се додека ги качуваа во Хируршко оделение.

Во Хируршко оделение следев постоперативниот третман на пациентите во поглед на нега ,терапија и тоалета.Спремањето на терапијата како и апликацијата на истата од страна на медицинската сестра е иста како и начинот на кој ние го спроведуваме во нашите болници,освен што таму не се користи интрамускулна терапија,се дава исклучиво во инфузионен раствор,а се користи и субкутана администарција на лекарства.Пациентите примаа терапија само 2 дена,3 ден се пуштаа на домашна нега.Тоалета на раната се правеше на денот на отпуштање,истиот начин како и во наши услови.Нивните болнички соби беа двокреветни,1-2 соби 3 креветни со објаснување дека не е дозволено повеќе креветна соба.

После завршената обука ни беа доделени сертификати од страна на деканот.

Мое мислење е дека оваа стручна обука е од наша големо професионално искуство и сме побогати во поглед на нашето професионално обавување на нашите работни задачи, обврски и третман кон пациентите.

Ви благодарам,

Со почит  Валентина Ќипроска.